# РЕГИОНАЛНА ПЛАТФОРМА: ОСУДА ЗА ЗАКАНИТЕ И НАВРЕДИТЕ ВРЗ НОВИНАРКИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Share
Tweet

Регионалната платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, која претставува повеќе од 8000 членови, остро ги осудува заканите и навредите кон Мери Јордановска, уредник во А1он.мк и уредничката во ТВ Алфа, Искра Коровешовска испратени од лицето Емил Јакимовски.

Двете жени новинарки добија заканувачки пораки преку интернет од Јакимовски минатата недела и тоа беше пријавено во полиција. Според пораките објавени од Јордановска, тој се заканил дека „ќе ја искреира на некролог“ ја нарекол „Сороспија“ и користел друг говор за родова дискриминација кон неа. Како што изјави Коровешовска, слични закани и навреди биле испратени и до неа.

Претседателот на Здружението на новинарите на Македонија, Младен Чадиковски ги осуди овие закани и ги повика надлежните институции да го истражат случајот.

„Комуницирaвме со Министерството за внатрешни работи и тие ветија дека ќе ги расчистат овие закани против двете новинарки. Го повикувам Јавното обвинителство да преземе активна улога и брзо да ги истражи овие закани со цел да се спречат слични случаи во иднина“, рече Чадиковски.

„Она што загрижува во двата случаи е дека овие закани содржат елементи на родова дискриминација“, рече Чадиковски и додаде дека ваквиот притисок врз жените новинарки е сериозна пречка за слободата на изразување, слободата на медиумите и правото на граѓаните да бидат информирани.

Регионалната платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите го поддржува Здружението на новинарите на Македонија во неговите напори да ги заштити новинарите и слободата на говорот и ги осудува заканите и навредите кон двете новинарки. Ги повикуваме надлежните институции да реагираат соодветно и јасно да ги осудат заканите кон Јордановска и Коровешовска. Платформата ќе испрати писма за загриженост до сите релевантни органи во Северна Македонија, барајќи од нив итно и темелно да ги истражат сите факти за овие два случаи и да започнат да постапуваат соодветно.

Нападите и заканите кон новинарите претставуваат директен напад врз слободата на изразување и правото на граѓаните да бидат информирани.

Скопје – Белград – Подгорица – Приштина – Сараево – Загреб, 15.01.2020 г.

Здружение на новинари во БХ

Синдикат на медиуми на Црна Гора

Здружение на новинари на Хрватска

Здружение на новинари на Косово

Здружение на новинари на Македонија

Независно здружение на новинарите на Србија

Здружение на новинарите на Македонија

Администратор 15/01/2020 22:14

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**ЗНМ: Непримерни се коментарите на премиерот за документарецот на ИРЛ (/Home/PostDetails?PostId=414110)**




**НСОН: Наместо апели, МОН да превземе конкретни чекори околу исплатата на прекувремените часови (/Home/PostDetails?PostId=414109)**



**Заев се дообјаснува за изјавата за Рашковски: Имам право на своe мислење (/Home/PostDetails?PostId=414106)**



**Николовски денес вели дека заврши времето кога народните пари се трошеа за сé и сешто, пред месец дена го бранеше Рашковски (/Home/PostDetails?PostId=414105)**




**Дрес од фудбалската репрезентација со името напишано на кирилица, доби на подарок Папата Франциск од Пендаровски (/Home/PostDetails?PostId=414090)**



**Пендаровски и Радев заеднички ги чествуваа Св. Кирил и Методиј во Рим (/Home/PostDetails?PostId=414089)**



**Не е проблем во сулфурот, проблем е поголемата количина вода и пепел во сомнителниот мазут, вели Заев (/Home/PostDetails?PostId=414086)**



**Заев оствари телефонски разговор со новиот привремен премиер на Бугарија, Стефан Јанев (/Home/PostDetails?PostId=414083)**



**Радев до Пендаровски: Двете држави треба да работат со уште поголема доверба и дијалог, да ги решат работите заедно (/Home/PostDetails?PostId=414082)**

Makpress.mk
48,430 likes

Like Page Liked Send Message

Makpress.mk
on Wednesday

Како што информира ОЈО, обвинетиот 33-годишник, во деловен објект лоциран во семејната куќа во сопственост на неговиот татко во

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk